**Барање 23-5468**

1. Студијата за оценка на влијание врз животната средина или доколку таква не постои - соодветен друг документ кој се однесува на планираната за изградба мала хидроелектрана “Баров дол” на реката Дошница во Општина Кавадарци,
2. Студијата за оценка на влијание врз животната средина или доколку таква не постои-соодветен друг документ кој се однесува на планираната за изградба мала хидроелектрана “Папарад” на реката Дошница во Општина Кавадарци,
3. Записникот од одржаната јавна расправа по Студијата за оценка на влијание врз животната средина или доколку таква не постои – соодветен друг документ кој се однесува на планираната за изградба мала хидроелектрана “Баров дол” на реката Дошница во Општина Кавадарци, и
4. Записникот од одржаната јавна расправа по Студијата за оценка на влијание врз животната средина или доколу таква не постои – соодветен друг документ кој се однесува на планираната за изградба мала хидроелектрана “Папарад” на реката Дошница во Општина Кавадарци.

**Одговор 23-5468**

Општина Кавадарци. односно одделение за урбанизам во Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина има водено постапки за одобрување на проекти за инфраструктура во информацискиот систем е-урбанизам, истите се одобрени со потврда за заверка и тоа:

- постапка со број 28690 за одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидро електрична централа Паправ со кабел за енергетски приклучок, с.Радња, Општина Кавадарци и
- постапка со број 28691 за одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидро електрична централа Баров Дол со кабел за енергетски приклучок, с.Радња, Општина Кавадарци.

Барањата за одобрување на двете постапки се поднесени од планер Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги РЕСУРС ЛТДИ дооел.

Овие постапки за одобрување на проекти за инфраструктура се водени согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и во член 52, став 5 од овој закон е наведено кој тип на документација треба да содржи проект за инфраструктура, а во врска со заштита на животната средина.

„(5) Проектот за инфраструктура содржи и студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, односно елаборат за заштита на животната средина одобрени од надлежен орган, доколку со прописите од областа на животна средина е предвидена изработка на студија, односно елаборат за тој вид на инфраструктура и за истиот опфат претходно од надлежен орган не се одобрени студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина при донесување на урбанистички план односно одобрување на урбанистичко-планска документација.“

Во однос на Вашето барање за информации од јавен карактер ве известуваме за следното:

- Во постапка со број 28690 за одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидро електрична централа Паправ со кабел за енергетски приклучок, с.Радња, Општина Кавадарци, приложен е Елаборат за заштита на животната средина изработен согласно Закон за животна

средина изработен од стручно лице со Овластување А за изработка на проектна документација од инжинерство во животна средина, односно Експерт за стратешка оцена врз животната средина (ЕЕА) издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање, од февруари 2020 година. За овој елаборат има Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект: Изградба на мала хидроелектрана Папрад со кабел за електричен приклучок с.Радња во Општина Кавадарци со број УП1-11/4-251/2020 од 22.06.2020 година.

- Во постапка со број 28691 за одобрување на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидро електрична централа Баров Дол со кабел за енергетски приклучок, с.Радња, Општина Кавадарци, приложен е Елаборат за заштита на животната средина изработен согласно Закон за животна средина изработен од стручно лице со Овластување А за изработка на проектна документација од инжинерство во животна средина, односно Експерт за стратешка оцена врз животната средина (ЕЕА) издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање, од февруари 2020 година. За овој елаборат има Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект: Изградба на мала хидроелектрана „Баров Дол“ со кабел за електричен приклучок с.Радња во Општина Кавадарци со број УП1-11/4-250/2020 од 24.09.2020 година.

Во именуваните постапки 28690 и 28691 за одобрување на Проект за инфраструктура, доставени се и следните документи

- Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи „Баров Дол“ и „ Папрад“ слив на река Дошница со арх.бр.11-1074/68 од 17.06.2019 година
- број на постапка 28690 – Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија за МХЕ Папрад издадена од Управа за животна средина – Сектор за води со арх.број УП1/РА1-11/5-1363/20
- број на постапка 28691 – Дозвола за користење на вода за производство на електрична енергија за МХЕ Баров Дол издадена од Управа за животна средина – Сектор за води со арх.број УП1/РА1-11/5-263/20

Во прилог Ви испраќаме копија од следниве документи :

За мала хидроелектрана Папрад:

1. Елаборат за заштита на животната средина за изградба на мала хидроелектрана Папрад
2. Проект за инфраструктура изградба на мала хидро електрична централа Папрад
3. Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи Баров дол и Папрад.
4. Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина за Проект Изградба на мала електрична хидро централа Папрад ,

За мала хидроелектрана Баров Дол:

5. Елаборат за заштита на животната средина за изградба на мала хидроелектрана Баров Дол
6. Проект за инфраструктура изградба на мала хидро електрична централа Баров Дол
7. Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи Баров дол и Папрад.
8. Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина за Проект Изградба на мала електрична хидро централа Баров Дол